ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **19.11.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет **Биљана Тасевска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Градоначалник</u>**

Дадено е задолжение до Одделението за правни и општи работи да се пристапи кон подготовка на Седница на Советот на Општина Крива Паланка, предвидена за ден 07.12.2018 година, со напомена дека координацијата со советничките групи да биде одржана на ден 30.11.2018 година, а крајниот рок за достава на материјалите да биде на ден 27.11.2018 година.

Дадена е информација за воведување на нова практика, со тоа што секој прв и трет Понеделник во месецот Градоначалникот на Општина Крива Паланка и претставници на локалната самоуправа да одржуваат редовни состаноци со раководителите на институции и установи под надлежност на Општината, заради зајакнување на соработката помеѓу истите и подобрување на целокупното функционирање на Општината и нејзините капацитети.

Дадено е задолжение до Раководителот на Одделението за човечки ресурси за подготовка на меморандум до Владата на Република Македонија за пренесување на правото на сопственост на Касарната, лоцирана во урбаното градско подрачје во Општина Крива Паланка и негово прикачување

во системот на е-Влада заради понатамошно процесуирање и поставување на дневен ред на некоја од наредните седници на Владата.

Дадено е задолжение до службите и образовните институции на подрачјето на Општината Крива Паланка за разработка на идеи за проекти на кои да можат да се искористат вишокот на средства кои се депонирани на сметките на образовните институции, а се доделени од страна на Министерството за образование и наука и нивна соодветна пренамена, заради финансирање на соодветните проекти кои ќе бидат утврдени како неопходни и реално потребни.

Дадена е информација за закажан работен состанок со претставници на Синдикатот на пожарникари, на ден 22.11.2018 година.

---

**Секретар**

Информација во врска со процедурата околу воведувањето на ISO стандардизација и подготовка на процесни картици од страна на сите одделенија.

Информација околу процедурата за подготовка на функционална анализа, со напомена за забрзување на целокупната постапка и предвидените активности, а со цел подготовка на извештајот најдоцна до крајот на оваа календарска година.

Информација во врска со тековните активности по повод огласот за вработување на едно лице во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со тековните активности по повод огласот за вработување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со закажан состанок со претставници на Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности Крива Паланка, а во врска со определени тековни состојби и нивно соодветно решавање.

Информација во врска со други тековни активности и процеси.

---

**Одделение за финансиски прашања**

Истакната е потребата од попис на ситен инвентар и тековни средства, како и потребата од отпишување на стар раскодуван инвентар и изнаоѓање можности за негово располагање.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со тековните активности за асфалтирање на улици и делови од улици, динамиката и ефектот на реализација на самите активности, со посебен акцент на пристапот до Градскиот стадион, улицата „Лисец“ и делови од улиците „Прохор Пчински“, „Ратко Минев“ и „8-ми Октомври“, со задолжение сите договорени работи да бидат завршени најдоцна до 30.11.2018 година.

Информација во врска со тековните активности за прочистување и санација на неколку патни правци кои ја поврзуваат Крива Паланка со повеќе околни села, со посебен акцент на с.Кркља м.в.Циковци и с.Конопница м.в.Веснина маала, како и интервенција во м.в.Трнци (над Пролетерските гаражи).

Информација во врска со активностите за изградба на патот до школото во с.Трново.

Информација во врска со планирана и договорена посета на с.Луке при отпочнувањето со градежните активности за изградба на водовод, која што е предвидена на ден 20.11.2018 година.

Информација во врска со отпочнување со градежни активности за доизградба и регулација на Скрљавски Дол.

Задолжение за подготовка на соодветна документација за распишување на тендер за ѕидаро-тесарски работи.

Задолжение за дефинирање на соодветни локации за поставување на монтажни платформи за паркирање на патнички моторни возила.

Информација во врска со одржан состанок за зимско одржување и кратко резиме на заклучоците од истиот.

Информација за поднесени апликации пред Агенцијата за рурален развој.

Информација во врска со активностите за подготовка на програмите за кои е задолжено ова одделение и допрецизирање на сите детали кои треба да бидат содржани во истите.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со тековните активности за изготвување на функционална анализа и утврдување на крајните рокови за подготовка на финален извештај.

Информација во врска со финалните активнсости од постапката за оценување на административни службеници.

Информација во врска со постапката по објавен јавен оглас за вработување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со постапката по објавен јавен оглас за вработување на едно лице во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со добиена согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со текот на постапката за пренесување на правото на сопственост на зградата во која е сместен ЛУ Градски Музеј Крива Паланка (поренешен Дом на АРМ).

Истакната е потребата од подготовка на План за заштита и спасување, кој да биде подготвен во соработка помеѓу Игор Додевски и Драгица Митровска.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со пополнувањето на процесна картица на ниво на оваа одделение, а во врска со тековната постапка за воведување на ISO стандардизација и подготовка на соодветни интерни процедури, на основа на соодветната законска регулатива од делокругот на работата на самото одделение.

Информација во врска со предвидена и планирана посета на децата од дневниот центар за лица со посебни потреби на ден 03.12.2018 година, а по повод светскиот ден на лицата со посебни потреби.

Задолжение за подготовка на спецификација за количината на опрема која што треба да биде набавена за потребите на проектот за уредување на зелениот пазар, со насоки да биде подготвена

конплетната проектна документација, со назнака дека крајниот рок за аплицирање е до крајот на месец Ноември 2018 година.

Информација во врска со постапката за децентрализација на манифестацијата Џип Рели и самата организација на истата.

Истакната е потребата од итно и неодложно дефинирање на релациите за превоз на ученици и распишување на соодветна тендерска постапка.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со одржаната седница на Совет на ден 12.11.2018 година и подготовката на донесените одлуки, заклучоците за прогласување на истите и службениот гласник на Општина Крива Паланка.

Информација во врска со распишани тековни и веќе завршени постапки за јавни набавки.

Дадено е задолжение за итно и неодложно објавување на јавен повик за набавка на работна опрема за вработените во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со постапката за утврдување на пазарната вредност на објекти во сопственост на општината и објава на јавен оглас за нивно давање под закуп на деловни субјекти или физички лица.

Информација во врска со подготовката на договор за закуп за деловен простор во сопственост на општина Крива Паланка лоциран во с.Огут и дефинирање на термин за потпишување на истиот од страна на договорните страни.

Задолжение за подготовка на одлука за намалување на опфатот на утврдени трустни подрачја, која да биде ставена на дневен ред на седницата на Советот на Општина Крива Паланка на ден 07.12.2018 година.

Информација во врска со динамиката на реализацијата на тековната достава и доставата на решенија за даноци на имот.

Информација во врска со активностите за подготовка на процесни картици на ниво на ова одделение.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со спроведени тековни увиди на лице место од страна на инспекциските служби во текот на изминатата работна недела, постапувајќи по поднесени барања од граѓаните.

Информација во врска со динамиката на достава на решенија за даноци на имот од страна на комуналните редари.

Информација во врска со активностите за чистење на 4 (четири) цевчести пропусти под магистралниот пат и други работни задачи и задолженија, кои што ги реализираат ангажираните општи работници, со истакнување на потребата од продолжување на нивните договори за ангажирање, со цел за навремено и ефикасно довршување на отпочнатите и предвидени активности.

Информација во врска со спроведена контрола од страна на комуналните редари на правни субјекти и занаетчиски работилници за соодветно користење на уље, а согласно уредбата на

Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија за превенција од загадување на животната средина и околината.

Информација во врска со потребата од ангажман на комуналните редари за контрола на јавни површини и нивно расчистување од огревни дрва, паркирани возила и слично.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Задолжение за итно и неодложно интервенирање со сечење на карпа во м.в.Чука (кај Пучо), заради проширување на постоечки пристапен пат.

Задолжение за тековно и навремено опесочување на коловози со песоклив материјал (ризла).

Задолжение за поставување на еластична ограда (банкина) на патниот правец кон локалитетот Калин Камен.

Задолжение до ЈП Комуналец сите дежурни екипи да бидат во приправност заради навремени и неодложни интервенции при навеви и прочистување на патни правци, како и опесочување на коловозите.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

---

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Информација во врска со текот на постапката за исплата на откупни цени за авторско творештво, согласно со потпишаните договорите за откуп.

Информација во врска со подготовката на Програма за работа на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка и Програмата за култура за 2019 година, кои да бидат ставени на дневен ред за усвојување на Седница на Совет предвидена на ден 07.12.2018 година.

Информација во врска со предвидена и планирана Изложба на цртежи од традиционалната архитектура во Крива Паланка, која е закажана за ден 22.11.2018 година во просториите на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Истакната е потребата од набавка на 3 (три) панели за затоплување на просториите во ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Истакната е потребата од итна и неодложна санација на целокупната фасада на зградата на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Информација во врска со други тековни активности.

---

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**19.11.2018 година, Крива Паланка**